Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 106/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Арбериа Дизајн (Арбериа Десигн) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**ТВ „Телма“ со текстот насловен „Свеченост за Коридор 8 – автопат за кој нема проект и единствено е нацртан на маичката на Груби“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 10 април 2023 година, фирмата Арбериа Дизајн поднесе жалба за текст со наслов „Свеченост за Коридор 8 – автопат за кој нема проект и единствено е нацртан на маичката на Груби“, објавен на 4 април 2023 на интернет – страницата на ТВ Телма (www.telma.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Дополнително, жалителот истакнува дека е инсинуација лиферуваната информација во јавноста, којашто е дополнително спорна затоа што се наведува дека организацијата на настанот за кој била ангажирана компанијата „Арберија Дизајн“ е по нарачка на Владата и дека на јавноста и е ускратена информација од страна на Владата за тоа колку чини ангажманот.

Жалителот потенцира дека, наместо пред да се објави веста да се провери дали Владата не е нарачател на настанот, јавноста се наведува да мисли дека се чека на потврда од Владата како единствен можен нарачател. Натаму, преку таа информација јавноста се наведува да мисли дека за прославата се користат државни пари, во непознат износ, за организација на настан за кој било ангажирано правното лице „Арберија Дизајн“.

Воедно, жалителот укажува дека телевизијата не ја контактирала компанијата, ниту го контактирала конзорциумот Бехтал&Енка, пред да ја објави спорната содржина. Жалителот потенцира дека Конзорциумот Бехтал&Енка е организатор на настанот за кој се известува, и е нарачател на извршените услуги од страна на „Арбериа Дизајн“ и всушност тие го финансирале нивниот ангажман за организација на настанот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Телма и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од управителката и одговорен уредник на ТВ Телма, Снежана Лупевска Созен во целост се отфрлуваат наводите во жалбата и се тврди дека новинарката на Телма, Ирена Чачкова, во својот прилог постапила професионално и со почитување на сите новинарски стандарди.

„Со оглед на тоа што се работи за стратешки проект од национален интерес и најголема инвестиција во инфраструктурата, македонската јавност треба да знае и да биде информирана за спроведувањето, дефинирањето и исцрпноста околу Договорот со реномираниот конзорциум Бехтел и Енка за удирањето на камен темелникот на Коридорот 8“, се вели во одговорот.

Понатаму, во одговорот се тврди дека на 4 април 2023 година, новинарката при прибирањето извори на информации, го контактирала портпаролот на Владата, Мухамед Хоџа и воспоставила контакт со Хасим Хамзаи од Арбериа Дизајн, а ја проследила и најавата од Владата за одржување на свеченоста. Исто така, и управителката и одговорен уредник на Телма, Снежана Лупевска Созен, како што се тврди во одговорот, контактирала со Хасим Хамзаи од Арбериа Дизајн, кој одбил да даде изјава.

Во прилог на одговорот од ТВ Телма до СЕММ се доставени и докази за телефонските повици до владиниот портпарол и до претставникот од компанијата Арбериа Дизајн. Доставен е и принтскрин од смс пораката до владиниот портпарол, во која новинарката прашува колку ќе чини настанот, кој го организира и кој ќе го плати настанот.

„За жал, новинарката Чачкова останала без целосно дефинирани одговори, исто како што останала и свеченоста без простор за новинарски прашања и слободен пристап до сите информации од јавен интерес“, се вели во одговорот на ТВ Телма.

Понатаму, се вели дека имајќи предвид дека објективното информирање на медиумите е во интерес на демократскиот систем и владеењето на правото и се појавува како еден вид контрола на власта и другите субјекти од јавниот живот, содржината на прилогот е сосема професионално  уреднички обликувана.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 4, 5 и 10  од Кодексот, на кои упатува жалителот.

Еден од членовите на Комисијата за жалби, смета дека во текстот не е наведено дека е побаран одговор од втората страна и затоа е прекршен член 1.

Комисијата не констатираше дека има дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за текст од висок јавен интерес – трошоци поврзани со еден од најголемите инвестициски проекти од областа на градежништвото. Во случајов, станува збор за покривање на дневен настан, односно удирање на камен темелникот на Коридорот. Новинарката и медиумот постапиле професионално и во согласност со етичките стандарди што поставиле прашања до Владата, која го организирала настанот, иако формално организатор на настанот е конзорциумот Бехтел и Енка. Сепак, Комисијата смета дека со неодговарањето на прашањата, Владата оставила простор за шпекулации или дезинформации и тоа не е секогаш вина на новинарите.

Оттаму, Комисијата смета дека новинарката и медиумот ги искористиле сите начини да дојдат до подетални информации за прашања од јавен интерес и не најде елементи на дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Двајца од членовите се изземаат од расправата и од гласањето поради можен конфликт на интерес.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595